| 4 | | Набавка на опрема | Комерцијална банка | ден | 20.000.000 | *3,88* | 5 г. | 0 г. | 20.000.000 | да | а | 14.08.2018. | | 14.08.2018 | | 337.170 | 109.077 | 25,03,2021 | 337.170 | 109.077 | 25,03,2021 | | | 13.486.791 | 13.149.621 | ЈП Комуналец |
| 5 | | Изградба на мини хидро централа | ЦК Банка | ден | 22.000.000 | | | | 22.000.000 | да | а | | | | | | | | | | | | | 22.000.000 | 22.000.000 | ЈП Комуналец |
| 6 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**Забелешки:**

Лице за контакт
Име и презиме и телефонски број Тони Петров , тел. 071-219-572

Овластено лице (печат и потпис):

* а)месечно; б)квартално; в) полугодишно; г) годишно; д) друго;
** Податоците се однесуваат на главнина на долгот

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2021 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2021 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.04.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-2664/2**
**28.04.2021 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 95 од Законот за градежно земјиште (“Сл.весник на РМ бр 15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016, 190/2016), а во врска со Правилникот за степенот на уредување на градежно земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (“Сл.весник на РМ” бр.38/11, 93/11, 65/12, 75/12, 98/12, 133/13, 155/13, 96/14, 107/14, 149/15), член 36 став1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ”бр.5/02) член 82 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 63/20),

Советот на Општина Кавадарци на 55-тата седница, одржана на ден 27.04.2021 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
**За изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно за земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2021 година**

**Член 1**

Во Програмата за уредување на градежно за земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2021 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.66/20), се врши следната измена и дополнување:

Во глава VI - **ИЗГРАДБА НА УЛИЦИ, РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ПО УРБАНИ ГРАДСКИ И МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ ,**

-Во подглава **УЗ Страшо Пинџур од 17,**630,000 се заменува со износ од 20.630.000 денари.

- Во подглава **УЗ Кула од 18,**090,000 се заменува со износ од 15.090.000 денари.

**-Во Вкупниот Рекапитулар износот од 179.040.000 денари останува непроменет.**

**Во останатиот дел Програмата останува непроменета.**

**Член 2**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци."

**Бр.08-2458/2** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.04.2021 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е
## за објавување на Одлука за донесување на Детален Урбанистички План УЕ7, дел од 7.1, Индустриска зона-Исток, КО Кавадарци вон град

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за донесување на Детален Урбанистички План УЕ7, дел од 7.1, Индустриска зона-Исток,КО Кавадарци вон град,

донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.04.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-2664/3**
**28.04.2021 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија„ бр.5/2002), член 41 точка 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (”Сл.весник на РМ” бр.199/14....168/18), член 20 став 3 од Закон за урбанистичко планирање(„Сл.Весник на РСМ„ бр.32/20) член 132 став 1од Статутот на Општина Кавадарци („Службен Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 55-та седница, одржана на ден 27.04.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Детален урбанистички план УЕ7, дел од 7.1, Индустриска зона-Исток,КО Кавадарци вон град Општина Кавадарци, со плански период (2020-2025)**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци донесува Детален урбанистички план за УЕ7, дел од 7.1, Индустриска зона-Исток,КО Кавадарци вон град Општина Кавадарци, со плански период (2020-2025) .

Документацијата за донесување на Детален урбанистички план за УЕ7, дел од 7.1, Индустриска зона-Исток,КО Кавадарци вон град Општина Кавадарци, со плански период (2020-2025), е изработена во согласност член 123 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (”Службен весник на РМ” бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 27 од Закон за урбанистичко планирање(„Сл.Весник на РСМ„ бр.32/20),Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на

РМ" бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), и Правилник за поблиска содржина, форма и начин на обработка на ГУП, ДУП, УПС, УПВНМ, Регулациски план на ГУП, формата, содржината и начинот на обработка на Урбанистичко плански документации и Архитектонско-урбанистички проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Службен весник бр.142/15).

**Член 2**

Просторот за кој се донесува Детален урбанистички план за УЕ7, дел од 7.1, Индустриска зона-Исток,КО Кавадарци вон град Општина Кавадарци, со плански период (2020-2025), е со вкупна површина од 3,027 ха.

**Член 3**

Составен дел на оваа одлука е :

-Текстуален дел и графички приказ на планските решенија, како и нумерички дел со билансни показатели за планираните површини и градби за донесување Детален урбанистички план за УЕ7, дел од 7.1, Индустриска зона-Исток,КО Кавадарци вон град Општина Кавадарци, со плански период (2020-2025).

Согласност од Министерството за транспорт и врски бр.24-2441/2 од 19.04.2021 година .

**Член 4**

Одлуката за донесување Детален урбанистички план за УЕ7, дел од 7.1, Индустриска зона-Исток,КО Кавадарци вон град Општина Кавадарци, со плански период (2020-2025), ја потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Кавадарци.

**Член 5**

Со прикачување во електронска форма на Детален урбанистички план за УЕ7, дел од 7.1, Индустриска зона-Исток,КО Кавадарци вон град Општина Кавадарци, со плански период (2020-2025), истиот станува составен дел на електронскиот регистар на донесени урбанистички планови во рамки на информацискиот систем е-урбанизам со бр.на постапка 25571.

**Член 6**

Општина Кавадарци - Детален урбанистички план zа УЕ7, дел од 7.1, Индустриска зона-Исток,КО Кавадарци вон град Општина Кавадарци, со плански период (2020-2025), ке го објави во електронска форма на својата WEB страна .

**Член 7**

Оваа Одлука ја спроведува Секторот за комунално уредување, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Кавадарци.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-2458/3 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.04.2021 година Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 6, дел од блок 6.11, „Јасмин под стадион„ Кавадарци Општина Кавадарци –плански период 2020-2025**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 6, дел од блок 6.11, „Јасмин под стадион„ Кавадарци Општина Кавадарци –плански период 2020-2025, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.04.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-2664/4** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.04.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија„ бр.5/2002), член 41 точка 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (”Сл.весник на РМ” бр.199/14....168/18), член 20 став 3 од Закон за урбанистичко планирање(„Сл.Весник на РСМ„ бр.32/20) член 132 став 1од Статутот на Општина Кавадарци („Службен Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 55-та седница, одржана на ден 27.04.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 6, дел од блок 6.11, „Јасмин под стадион„ Кавадарци Општина Кавадарци –плански период 2020-2025**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци донесува Детален Урбанистички План за УЕ 6, дел од блок 6.11, „Јасмин под стадион„ Кавадарци Општина Кавадарци –плански период 2020-2025.

Документацијата за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 6, дел од блок 6.11, „Јасмин под стадион„ Кавадарци Општина Кавадарци –плански период 2020-2025, е изработена во согласност член 123 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (”Службен весник на РМ” бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 27 од Закон за урбанистичко планирање(„Сл.Весник на РСМ„ бр.32/20),Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ” бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), и Правилник за поблиска содржина, форма и начин на обработка на ГУП,

ДУП, УПС, УПВНМ, Регулациски план на ГУП, формата, содржината и начинот на обработка на Урбанистичко плански документации и Архитектонско-урбанистички проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Службен весник бр.142/15).

**Член 2**

Просторот за кој се донесува Детален Урбанистички План за УЕ 6, дел од блок 6.11, „Јасмин под стадион„ Кавадарци Општина Кавадарци – плански период 2020-2025, е со вкупна површина од 2.15 ха.

**Член 3**

Составен дел на оваа одлука е :

-Текстуален дел и графички приказ на планските решенија, како и нумерички дел со билансни показатели за планираните површини и градби за донесување Детален Урбанистички План за УЕ 6, дел од блок 6.11, „Јасмин под стадион„ Кавадарци Општина Кавадарци –плански период 2020-2025.

Согласност од Министерството за транспорт и врски бр.24-2453/2 од 20.04.2021 година .

**Член 4**

Одлуката за донесување Детален Урбанистички План за УЕ 6, дел од блок 6.11, „Јасмин под стадион„ Кавадарци Општина Кавадарци –плански период 2020-2025, ја потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Кавадарци.

**Член 5**

Со прикачување во електронска форма на Детален Урбанистички План за УЕ 6, дел од блок 6.11, „Јасмин под стадион„ Кавадарци Општина Кавадарци –плански период 2020-2025, истиот станува составен дел на електронскиот регистар на донесени урбанистички планови во рамки на информацискиот систем е-урбанизам со бр.на постапка 27291.

**Член 6**

Општина Кавадарци - Детален Урбанистички План за УЕ 6, дел од блок 6.11, „Јасмин под стадион„ Кавадарци Општина Кавадарци –плански период 2020-2025, со плански период (2020-2025), ке го објави во електронска форма на својата WEB страна .

**Член 7**

Оваа Одлука ја спроведува Секторот за комунално уредување, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Кавадарци.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-2458/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.04.2021 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет П1.бр.14/21 поведен пред Основен суд Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет П1.бр.14/21 поведен пред Основен суд Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.04.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-2664/5** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.04.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19 и 64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 55-та седница, одржана на ден 27.04.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет П1.бр.14/21 поведен пред Основен суд Кавадарци**

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет П1.бр.14/21, поведен пред Основен суд Кавадарци.

**ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА**

1. Предмет на оваа Судска Спогодба е регулирање на меѓусебните односи помеѓу спогодбените страни кои произлегуваат од поведен судски предмет пред Основен суд Кавадарци П1.бр.14/2021 за исплата на надомест на штета во вкупна вредност од 395.753,00 денари за одземено од владение земјиште со кп.бр.4637 во вкупна површина од 429 м2 на м.в.„Илчо Димов“ култура гнз со право на сопственост на тужителот [redacted], заради изградба на дел од улица, поплочен со бехатон коцки како и изградба на водовод за водоснабдување на с.Ваташа, с.Глишиќ, с.Марена и с.Сопот. Од страна на тужителот е доставен Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за фактичка состојба на кп.бр.4637 КО Ваташа со деловоден број 0801/29 од 24.02.2021 година изработен од Друштво за геодетски работи и инжинеринг ГЕОДАТА ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Кавадарци и Извештај за проценка на пазарна вредност на недвижниот имот градежно неизградено земјиште, изготвен од Друштво за интелектуални услуги и процена МЕТОДА ПЛУС ДООЕЛ Кавадарци П.бр.03/15 од 08.03.2021 година.

2. Страните на Судската Спогодба се согласни за одземено од

владение земјиште од точка 1 на оваа спогодба во површина од 429 м2 тужениот – Општина Кавадарци – Локална самоуправа на име надомест на штета да му исплати на трансакциска сметка на тужителот [redacted] износ од 738,00 ден./м2 односно надоместок во вкупен износ од 316.602,00 денари и трошоци на постапката во вкупен износ од 21.564,00 денари, согласно доставен трошковник прилог кон тужбата.

3. Страните на Судската спогодба се согласни надоместокот во износ од 316.602,00 денари и трошоци на постапката во вкупен износ од 21.564,00 денари предлагачот – Општина Кавадарци Локална самоуправа да ги плати во рок од 30 дена од денот на потпишувањето на Судската Спогодба.

4. Страните на Судската Спогодба се согласни оваа Судска спогодба да претставува основ за пренос на правото на сопственост во Јавната книга за запишување на правата на недвижностите од име на тужителот [redacted] на име на тужениот Општина Кавадарци – Локална самоуправа за земјиштето цитирано во точка 1 од оваа спогодба.

5. Оваа Судска Спогодба го опфаќа целиот предмет на спорот во предметот кој пред овој суд се води под П1.бр.14/21.

6. Со потпишувањето на оваа Спогодба, спогодбените страни изјавуваат дека ја прифаќаат нејзината содржина и правата и обврските кои произлегуваат од неа.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци да ја потпише горецитираната судска спогодба, по предметот П1.бр.14/21 поведен пред Основен суд Кавадарци.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-2458/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.04.2021 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на велосипеди за 2021 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на велосипеди за 2021 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.04.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-2664/6** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.04.2021 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** — **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци ("Сл.гласник на општина Кавадарци" бр.8/05,14/10,24/10,38/19,64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 55-та седница одржана на ден 27.04.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на велосипеди за 2021 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот на Општина Кавадарци го определува

максималниот износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на велосипеди за 2021 година.

**Член 2**

Максималниот износ за поединечна субвенција за купување на велосипед по лице се утврдува во износ од 50% од вредноста на велосипедот, но не повеќе од 3.000,00 денари по лице, со вклучен персонален данок на доход.

**Член 3**

Финансиските средства во вкупен износ од 300.000,00 денари за оваа намена се обезбедени во Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година во Програма ГА, конто 464990 .

**Член 4**

Начинот и постапката за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на велосипеди се утврдени во Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства со намена за субвенционирање на физички лица од подрачјето на Општина Кавадарци за купување на велосипеди, донесен од Совет на Општина Кавадарци бр.08-4989/8 од 25.09.2020 („Сл.Гласник на општина Кавадарци„ бр.63/20).

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08-2458/6** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.04.2021 година** — **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** — **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлука за сопствено учество на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот“Реконструкција и поврзување на постоечка фекална канализација во с.Возарци – Фекален колектор”**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за сопствено учество на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот“Реконструкција и поврзување на постоечка фекална канализација во с.Возарци – Фекален колектор”, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.04.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-2664/7**
**28.04.2021 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци (“Сл.гласник на општина Кавадарци” бр.8/05,14/10,24/10,38/19,64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 55-та седница одржана на ден 27.04.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за сопствено учество на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот“Реконструкција и поврзување на постоечка фекална канализација во с.Возарци – Фекален колектор”**

**Член 1**

Општина Кавадарци-Локална самоуправа учествува со сопствени средства во реализација на проектот“Реконструкција и поврзување на постоечка фекална канализација во с.Возарци – Фекален колектор” пред Биро за регионален развој.

**Член 2**

Вкупната вредност на Проектот изнесува 3.041.417,26денари со вклучен ДДВ, учеството на општината е во износ од 1.551.122,8 денари, остатокот од 1.490.294,46 денари е учество на Бирото за регионален развојна Република Македонија.

**Член 3**

Финансиските средства за учество на општината од член 2 ќе се обезбедат од Буџетот на општина Кавадарци за 2021година.

**Член 4**

Проектот опфаќа реконструкција и поврзување на постоечка фекална канализација во с.Возарци – Фекален колектор.

**Член 5**

Се задолжува општинската администрација да ги превземе сите активности потребни за подготовка на апликативнитеформи.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на општина Кавадарци„.

Бр.08-2458/7 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
27.04.2021 година Претседател,
К А В А Д А Р Ц И Ристо Сакалиев

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлука за сопствено учество на општина Кавадарци-Локална самоуправа во реализација на проектот„ Реконструкција на локален пат во село Бохула"**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за сопствено учество на општина Кавадарци-Локална самоуправа во реализација на проектот„ Реконструкција на локален пат во село Бохула", донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.04.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр.09-2664/8 ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
28.04.2021 година ГРАДОНАЧАЛНИК,
Кавадарци м-р Митко Јанчев

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци ("Сл.гласник на општина Кавадарци" бр.8/05,14/10,24/10,38/19,64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 55-та седница одржана на ден 27.04.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За сопствено учество на општина Кавадарци-Локална самоуправа во реализација на проектот**
**„ Реконструкција на локален пат во село Бохула"**

**Член 1**

Општина Кавадарци Локална самоуправа учествува со сопствени средства во реализација на проектот „Реконструкција на локален пат во село Бохула" пред Биро за регионален развој.

**Член 2**

Вкупната вредност на Проектот е 9.923.800 денари со вклучен ДДВ, учеството на општината е во износ од 5.061.138 денари, остатокот од 4.862.662 денари е учество на Бирото за регионален развој на Република Македонија.

**Член 3**

Финансиските средства за учество на општината, од член 2 ќе се обезбедат од Буџетот на општина Кавадарци за 2021 година.

**Член 4**

Проектот опфаќа Реконструкција на локален пат во селото Бохула во должина од 940 метри, и широчина од 5 метри.

**Член 5**

Се задолжува општинската администрација да ги превземе сите активности потребни за подготовка на апликативните форми.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на општина Кавадарци„.

Бр.08-2458/8 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
27.04.2021 година Претседател,
К А В А Д А Р Ц И Ристо Сакалиев

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за сопствено учество на општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот„ Поставување на фото–напонски панели на 10 Јавни општински објекти со вкупна инсталирана моќ од 19.2 kw/h**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за сопствено учество на општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот„ Поставување на фото–напонски панели на 10 Јавни општински објекти со вкупна инсталирана моќ од 19.2 kw/h, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.04.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-2664/9 ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.04.2021 година ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци ("Сл.гласник на општина Кавадарци" бр.8/05,14/10,24/10,38/19,64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 55-та седница одржана на ден 27.04.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За сопствено учество на општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот„ Поставување на фото–напонски панели на 10 Јавни општински објекти со вкупна инсталирана моќ од 19.2 kw/h”**

**Член 1**

Општина Кавадарци Локална самоуправа учествува со сопствени средства во реализација на проектот „Поставување на фото–напонски панели на10 јавни општински објекти со вкупна инсталирана моќ од 19.2 kw/h” пред Биро за регионален развој.

**Член 2**

Вкупната вредност на Проектот е 8.345.550,00 денари со вклучен ДДВ, учеството на општината е во износ од 4.256.230,5 денари, остатокот од 4.089.319.5 денари е учество на Бирото за регионален развој на Република Македонија.

**Член 3**

Финансиските средства за учество на општината, од член 2 ќе се обезбедат од Буџетот на општина Кавадарци за 2021 година.

**Член 4**

Проектот опфаќа поставување на фото-напонски панели на 10 јавни општински објекти со вкупна инсталирана моќ од 19.2 kw/h во општина Кавадарци.

**Член 5**

Се задолжува општинската администрација да ги превземе сите активности потребни за подготовка на апликативните форми.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на општина Кавадарци.

**Бр.08-2458/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.04.2021 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

# Р Е Ш Е Н И Е
## за објавување на Одлука за ко-финансирање на предлог-проект „Изградба на сервисна улица "1" и станбени улици "2", "3" и "4" во ДУП "Дисанска" во Општина Кавадарци

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за ко-финансирање на предлог-проект „Изградба на сервисна улица "1" и станбени улици "2", "3" и "4" во ДУП "Дисанска" во Општина Кавадарци", донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.04.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-2664/10** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.04.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци ("Сл.гласник на општина Кавадарци" бр.8/05,14/10,24/10,38/19,64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 55-та седница одржана на ден 27.04.2021 година, донесе

# О Д Л У К А
## за ко-финансирање на предлог-проект „Изградба на сервисна улица "1" и станбени улици "2", "3" и "4" во ДУП "Дисанска" во Општина Кавадарци"

### Член 1

Со оваа одлука се обезбедуваат парични средства за учество на Општина Кавадарци-ЛокалнаСамоуправа во проектот„Изградба насервисна улица "1" и станбени улици "2", "3" и "4" во ДУП "Дисанска" во Општина Кавадарци".

### Член 2

Вкупната проценета вредност на предлог-проектот изнесува 6.305.153,00 денари со вклучен ДДВ. Средствата во износ од 3.152.576.50 денариќе се обезбедат од Биро за регионален развој, Потпрограма ОА Рамномерен регионален развој ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС, а

останатите 3.152.576.50 денари ќе се обезбедат од буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година.

**Член 3**

Ко-финансирањето на општина Кавадарци е во висина од 3.152.576.50 денари за изградба на сервисна улица "1" и станбени улици "2", "3" и "4"и ќе се обезбедат од буџетот на општина Кавадарци за 2021 година.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-2458/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.04.2021 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за донесување на Социјален План на Општина Кавадарци 2021-2024Социјален План на Општина Кавадарци 2021-2024**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за донесување на Социјалниот План на Општина Кавадарци 2021-2024, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.04.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-2664/11** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.04.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 141 и член 142 од Законот за социјална заштита („Сл.Весник на РСМ" бр.104/19) член 132 став 1 точка 2 од Статутот на општина Кавадарци ("Сл.гласник на општина Кавадарци" бр.8/05,14/10,24/10,38/19,64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 55-та седница, одржана на ден 27.04.2021 година, донесе

## О Д Л У К А
## за донесување на Социјален План на Општина Кавадарци 2021-2024

### Член 1

Со оваа одлука Советот на Општина Кавадарци донесува Социјален План на општина Кавадарци, за периодот 2021-2024 година.

### Член 2

Советот на општина Кавадарци го донесува Социјалниот План на Општина Кавадарци со цел да обезбеди транспарентен, интегрален, ефикасен и правичен систем во кој ќе ги опфати мерките и средствата кои што се потребни да се подобри квалитетот на живот на граѓаните кои живеат во општина Кавадарци.

### Член 3

Социјалниот план содржи мапирање на социјални проблеми и ранливи групи во општината, анализа на капацитетите на постоечките социјални услуги и потреби за развој на социјалните услуги во општината.

### Член 4

Социјалниот план на Општина Кавадарци за периодот 2021-2024 година е стратешка рамка која се имплементира преку проекти, планови и програми на општината

### Член 5

Се задолжува Општина Кавадарци, при изготвувањето и реализацијата на програмите за активностите на општината во сите области каде има надлежности да се придржува на приоритетите на овој документ, да придонесе кон креирањето на локалната социјална политика и социјална заштита што ќе биде целосно насочена, профилирана во согласност со потребите на граѓаните, и искористена во функција на поголем социјален развој и социјално инвестирање во општината.

Член 6

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр.08-2458/11 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
27.04.2021 година Претседател,
К А В А Д А Р Ц И Ристо Сакалиев

# ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
# СОЦИЈАЛЕН ПЛАН
# 2021-2024

**Содржина**

**1.Вовед**
- **1.1 Социо-економски карактеристики на општината**
- **1.2 Законска регулатива**
- **1.3 Општинска структура за спроведување на Социјалниот план**

**2. Мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи на локално ниво и нивните потреби**

**3. СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ**
- **3.1 ПОСТОЕЧКИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ**
- **3.1.1. Услуги на информирање и упатување**
- **3.1.2. Услуги на стручна помош и поддршка**
- **3.1.3. Услуги на советување**
- **3.1.4. Услуги во домот**
- **3.1.5. Услуги во заедницата**
- **3.1.6. Услуги за вон-семејна заштита**
- **3.2 НОВИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ**
- **3.2.1. Услуги на информирање и упатување**
- **3.2.2. Услуги на стручна помош и поддршка**

**3.2.3. Услуги на советување**
**3.2.4. Услуги во домот**
**3.2.5. Услуги во заедницата**
**3.2.6. Услуги за вон-семејна заштита**
**3.3 СОЦИЈАЛНИ РИЗИЦИ**
**3.4 Идентификување и приоретизирање на социјални ризици и услуги за нивно надминување**

4. **Потребни капацитети и финансика поддршка**

**5. Лиценцирање на даватели на услуга**

## *1. Вовед*

Со изработката на овој социјален план кој е од големо значење за интегритетот на Општина Кавадарци ќе се придонесе до полесен пристап до социјалните услуги и можности за полесен пристап до корисниците и нивно вклучување во заедницата. Општина Кавадарци има одредено искуство, односно одредени мерки кои ги превзема за развој на интегриран, транспарентен и одржлив систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги согласно потребите на корисникот.
Основа за изготвување на социјалниот план од страна на Советот за социјална заштита е регулирано со член 141 од Законот за социјална заштита во кој се определени правата и должностите за истиот.
Целта на социјалниот план е мапирање на социјалните проблеми на ранливите групи во општината, извршување на анализа на моменталните состојби и капацитети и расположливи социјални услуги и ги утврдува спрецифичните потреби за развој на социјалните услуги во општина Кавадарци. Овој социјален план ќе претставува основа при изготвување на годишните планови и програми за социјална, детска и здравствена заштита во општина Кавадарци.
Во овој дел потребно е да се потенцира социјалната заштита која се остварува преку разни мерки, активности, услуги со цел да се заштити од ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои се одразуваат на здравјето на граѓаните. Затоа се прават чекори со кои ќе се спречи социјалната исклученост, ќе се подобри квалитетот на животот и ќе се зголеми бројот на социјални услуги кои ги нуди општина Кавадарци. Во социјалниот план ќе бидат наведени идентификуваните социјални ризици на ранливите категории на граѓани кои се детектирани во општина Кавадарци, и нивните потреби. Врз основа на мапираните социјални проблеми произлегоа социјалните приоритети на кои ќе биде насочена општина Кавадарци и ќе овозможат продолжување на досегашните и збогатување на портфолиото на социјални услуги кои ќе овозможат превенција од дополнителен социјалне ризик.

### *1.1.Социо – економски карактеристики на општината*

Општина Кавадарци се наоѓа во југоисточниот дел на Повардариото, во јужна Македонија и претставува центар на Тиквешијата. Зафаќа површина од 1.132 км2, има густина на населеност од 39,04 жители на км2 и лежи на надморска

височина меѓу 230 и 270 метри и е распространета на двата брега на реката Луда Мара. Според статистичките податоци од пописот во 2002 година во општина Кавадарци има вкупно 12.026 домаќинства, вкупниот број на станови е 16.324.
Во состав на општината влегуваат приградските населби Глишиќ и Ваташа и 37 села: Бегниште, Бојанчиште, Бохула, Брушани, Бунарче, Возарци, Галиште, Горниково, Горна Бошава, Грбавец, Дабниште, Добротино, Долна Бошава, Драгожел, Драдња, Дреново, Кесендре, Клиново, Конопиште, Кошани, Крњево, Куманичево, Мајден, Марена, Мрежичко, Праведник, Ржаново, Радња, Раец, Ресава, Рожден, Сопот, Страгово, Фариш, Чемерско, Шешково и Шивец.
Општина Кавадарци е поделена на 10 урбани заедници и 31 рурални заедници. Во изминатите години интензивирани се активностите за реконструкција на локалните, но и руралните патишта. Општина Кавадарци дава голема поддршка во реконструкција на патиштата во руралните средини, но и во делот на водовод и канализација. До секое село во општина Кавадарци има лесен пристап. Во тек се и дел од активностите кои се однесуваат на руралните средини.

Патната поврзаност на општина Кавадарци со другите региони и општини е преку автопатот Е-75 (Скопје - Гевгелија) кој е на оддалеченост од 14 км од град Кавадарци, а преку регионалиот пат Скопје – Велес – Прилеп - Битола оддалечен 11 км. Општина Кавадарци граничи со општините Неготино, Росоман, Прилеп, Демир Капија, а на југ голем дел од општинската територија има гранична линија со Р. Грција.

Структурата на населението според националната припадност во општина Кавадарци е следна: 37.499 (96,79 %) се Македонци, 679 (1,75 %) Роми, 218 (0,56%) Срби и 167 (0,43%) Турци, а според полот, 19.651 лица се мажи и 19.090 се жени.

### *1.2. Законска регулатива*

- Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ, бр.104 од 23.05.2019)
- Законот за изменување и дополнување на законот за социјална заштита(Службен весник на РСМ бр.146 од 17.07.2019 г.)
- Законот за заштита на децата(Службен весник на РСМ бр.146 од 17.07.2019 г.)
- Национална стратегија за деинституционализација и Акциски план “Тримајник”)
- Закон за семејство( Службен весник на РСМ бр.153 од 20.10.2014)
- Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство ( Службен весник на РСМ бр.150 од 02.09.2015)
- Закон за финансирање на единиците на Локална самоуправа (Службен весник на РСМ, бр.61/04, 96/04, 67/07,156/09 и 47/11)
- Закон за локална самоуправа ( Службен весник на РСП, бр. 5 од 29.01.2002)
- Закон за основно образование( Службен весник на Република Македонија бр. 103/08, 33/10, 116/10,156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16 127/16, 67/17 и 64/18)
- Национална програма за социјална заштита ( Службен весник на РСМ, бр.192 од 17.10.2016)
- Стратегија за стари лица 2010-2020 и
- други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита.

### *1.3. Општинска структура за спроведување на Социјалниот План*

Во рамки на општинската администрација во општина Кавадарци постои секторот за Локален Економски Развој, Одделение услуги на граѓани, во чии рамки се третираат прашањата од доменот на социјалната заштита. Лицето кое е задолжено за овие работни задачи е Јанинка Леова, соработник за услуги на граѓаните од обласа на здравствената заштита и екологија, рурален развој. За остварување на дејноста на социјална заштита Советот на Општина Кавадарци формираше Совет за социјална заштита на општината. На крајот на Планот се наоѓа Одлуката од Советот на општина Кавадарци во Анекс бр.1 каде можете да се види и составот на Советот за социјална заштита.
При изработката на овој План беше вклучен Секторот за локален економски развој, Центарот за социјални работи, Агенцијата за вработување, Здружението на пензионери и Здружението на дефектолози. Одговорно лице за социјалниот план е помладиот соработник во секторот за Локален економски развој, Марија Камчева (контакт податоци: mkamceva@kavadarci.gov.mk и 072 218 772).

### *2. Мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи на локално ниво и нивните потреби*

Неоспорен е фактот дека Вардарскиот Плански Регион е еден поразвиените региони во државата, а општина Кавадарци е дел од тој регион. Поволните природни географски карактеристики на регионот Тиквеш условуваа лозарството да има приоритет во земјоделските активности и да стане водечки во земјата. Заеднички економски активности на локалното население се земјоделството, лозарството и производството на вино. Според податоците и наодите од истражувањето за деловното опкружување, повеќето компании се ориентирани кон производство (особено вино) и само 15% се занимаваат со услуги. Но и покрај развиената економија сепак во општина Кавадарци има и лица кои се соочуваат со огромен социјален ризик, особено кај старите изнемоштени лица и лицата со попреченост. Сплет на општествени околности претставуваат сериозна закана за задоволување на најосновните потреби на маргинализирана група на граѓани. Овие ризици имаат големи неповолни последици врз целокупното население. Дел од населението се соочува со сиромаштија, глад, болести, несоодветни и субстандардни услови за домување, несоодветно образование, недостапност до основнитеуслуги за остварување на правата од здравствена и социјална заштита и други проблеми. Од ова произлегува потребата за обезбедување на основните човекови права и услови на основни стандарди на живеење кое го детектираме во социјалниот план.

Согласно податоците на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи – Кавадарци, во општината има евидентирано:

- 371 социјално загрозени лица
- 307 корисници на ГМП
- 181 корисници на условен паричен надоместок
- 307 корисници кои користат надоместок за енергетска сиромаштија
- 910 лица кои се над 26 годишна возраст со нарушена здравствена состојба (корисници на туѓа нега)

- 23 самохрани родители
- 70 бракоразводни постапки во 2019 година.

За потребите на овој Социјален план беше направено социјално мапирање и беа координирани и вклучени претставници на повеќе институции, организации и здруженија на граѓани кои функционираат на територијата на општина Кавадарци со цел да се создаде на социјално - одговорна заедница, преку обезбедување на услуги за подобрување на маргинализираните категории на луѓе. Секоја институција придонесе со доставување на информации и податоци кои беа клучни за изработка на Социјалниот план. За жал, во општинската администрација на Кавадарци сеуште нема вработено социјален работник, кој можеше да го даде своето стручно знаење при изработката на планот.

Во прилог е табела со број на жители по населени места

Табела 3. Број на жители во населените места во општината, Извор: Државен завод за статистика

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Љубаш | 6800 |
| 2 | Кула | 6900 |
| 3 | Браќа Џунови | 3400 |
| 4 | Задругар | 3300 |
| 5 | Слога | 2770 |
| 6 | Ќиро Крстев | 2600 |
| 7 | Браќа Досеви | 3700 |
| 8 | Страшо Пинџур | 2690 |
| 9 | Ваташа | 3440 |
| 10 | Глишиќ | 1400 |
| 11 | Сопот | 1000 |
| 12 | Марена | 997 |
| 13 | Дреново | 699 |
| 14 | Возарци | 980 |
| 15 | Бегниште | 422 |
| 16 | Ресава | 197 |
| 17 | Раец | 250 |

| | | |
|---|---|---|
| 18 | Конопиште | 55 |
| 19 | Бошава | 70 |
| 20 | Шивец | 30 |
| 21 | Галиште | 2 |
| 22 | Горниково | 12 |
| 23 | Дабниште | 43 |
| 24 | Добротино | 2 |
| 25 | Драгожел | 6 |
| 26 | Радња | 3 |
| 27 | Страгово | 53 |
| 28 | Марена | 988 |
| 29 | Раец | 128 |
| 30 | Ресава | 179 |
| 31 | Фариш | 41 |
| 32 | Шешково | 16 |
| 33 | Шивец | 120 |
| 34 | Бојанчиште | 59 |
| 35 | Бохула | 35 |
| 36 | Чемерско | 24 |
| 37 | Горна Бошава | 74 |
| 38 | Долна Бошава | 51 |
| 39 | Мрежичко | 52 |
| 40 | Рожден | 30 |
| 41 | Крњево | 65 |

Врз основа на собраните податоци се направи мапирање и идентификување на социјалните проблеми и ризици кај ранливите групи и нивните потреби и во продолжение е прегледот на состојбата.

Една од спецификите на општина Кавадарци е демографското стареење кое е и еден од нејзините главни проблеми. Согласно податоците од Државен Завод за Статистика од пописот од 2002 година во општина Кавадарци имало 2.365 лица на возраст над 65 год. Денешната статистика од ПИОМ и Здружението на пензионери покажува значително зголемен број на стари лица, односно 6.500 пензионери, а тоа покажува еден зголемен степен на старост во општина Кавадарци.

Во услови кога се соочуваме со масовна миграција на младите и работоспособни лица кон развиените урбани средини, а во последните години се почесто надвор од нашата држава, многу стари и изнемоштени лица се останати без грижа и поддршка од семејствата наоѓајќи се во незавидна психо-физичка состојба, а многу често и во социјален ризик. Оваа ситуација особено влијае на опаѓање на квалитетот на животот на оваа ранлива група, а посебно ранливи се старите лица во руралните средини.

Од досегашните теренски активности кои ги изврши Центарот за социјални работи се констатира дека постарата популација се соочува со низа социјални, станбени и здравствени услуги, недостапност до јавните служби и најчесто немање на поддршка од семејството. Исто така, опфатот на најранливата категорија на жители на територијата на општината и подрачните заедници се стари лица кои често живеат сами од различни причини, лица кои имаат здравствени проблеми како и лица со инвалидитет кои не можат самостојно да ги извршуваат задачите. Согласно податоците од нивната евиденција има 64 стари изнемоштени лица кои имаат проблем со одржувањето на личната хигиена и хигиената во домот, набавката на храна и лекови, плаќање на сметките.

Од досегашното искуство и анализи спроведени од Општинската организација на Црвен Крст Кавадарци, која континуирано и успешно имплементира проекти за нега и помош на стари лица, се дојде до констатација дека најголем дел од старите лица земаат пензија (лична, семејна, земјоделска) која им овозможува услови за скромен живот.

Врз основа на податоците кои ги добивме од Здружението на пензионери на територијата на општина Кавадарци живеат 6.500 пензионери. Еден дел од пензионерите се организираат во Здружението на пензионери Кавадарци кое има свои простории во централното градско подрачје, каде секојдневно се дружат, играат карти, домино и други друштвени игри. Со оглед на тоа дека Кавадарци е земјоделски крај, еден дел од пензионерите се занимаваат со земјоделие и немаат многу слободно време за слободни активности и дружење. Останатиот дел од пензионерите, особено старите и изнемоштени лица се соочуваат со проблеми од изолираност, осаменост и немоќ за извршување на основните егзистенцијални активности. За нив најсоодветно е креирање на нови социјални услуги кои би им го олесниле функционирањето, но и би го намалило процентот на лицата кои живеат сами и изнемоштени.

За истакнување е фактот дека во општина Кавадарци нема Дом за стари лица каде би се обезбедило згрижување на изнемоштени стари лица, хронично болни лице, терминално болни лице и друго лице во потреба од континуирана помош и нега. Со цел да се одржат менталното и физичкото здравје на виталните стари лица и тие да

останат социјално вклучени и активни, општината размислува за отворање на Дневен центар за активно и здраво стареење, кој ќе работи по програма за едукација, рекреација и социјализација.

### *Лица со попреченост*

Во евиденција на Центарот за социјална работа има вкупно 278 лица со попреченост (мобилност, слепило, глувост) кои имаат потреба од лична асистенција. Состојбата на лица со попреченост (лица со интелектуална и телесна попреченост, телесни инвалиди, деца со пречки во слухот, говорот и гласот, деца со попреченост во менталниот развој, деца со аутизам и друго первазивно растројство, хронично болни деца, деца со комбинирани пречки во развојот, деца со пречки во телесниот развој) во општина Кавадарци е следна:

- 278 лица со попреченост (мобилност, слепило, глувост)
- 146 деца со попреченост
- 15 лица го посетуваат Дневниот центар за лица со телесна и ментална попреченост
- 37 деца ја користат услугата вон - семејна заштита (деца без родители и родителска грижа) од кои:
  - 23 деца кои се сместени во згрижувачки семејства
  - 3 деца се сместени во установа
  - 5 деца се под старателство на блиски сродници
  - 4 деца се сместени во Мал групен Дом
  - 2 деца се згрижени во станбени заедници и живеење со поддршка на младинци.

Следејќи ги новите трендови и законски обврски од страна на Министерството на образование на Р. С. Македонија, кое се повеќе инсистира за вклучувањето на децата со посебни образовни потреби во редовните паралелки и измената на законската регулатива за инклузија во сите основни и средни училишта низ државата, како и формирање на ресурсни центри и центри за поддршка на учениците со посебни образовни потреби, неопходна е употреба на асистивна технологија која во голема мерка ќе го олесни вклучувањето на учениците со посебни образовни потреби во процесот, а ќе ја олесни и работата на наставниците и специјалните едукатори. На иницијатива и на барање[1] на тимот на педагози и дефектолози од ПОУ Страшо Пинџур Кавадарци, општина Кавадарци веќе почна со реализација на проект кој е насловен „Асистивна технологија во постоечката сензорна соба“. Проектот е во надлежност на општината, а е финансиран од Швајцарска развојна агенција и УНДП кои финансираа 640.000 денари за опремување со асистивна технологија на постоечката сензорна соба[2]. Сензорната соба е во склоп на училиштето Страшо

---

1 Барање до општина Кавадарци дека треба да се обезбеди овој вид на технологија во сите училишта, во зависност од потребите на овие ученици (индивидуалниот степен и вид на попреченост) и која ќе им го олесни школувањето на учениците

2 Асистивната технологија се состои од следава опрема:

- компјутер all I one (компјутерите со екран на допир кои имаат одлична примена кај помалите корисници кои имаат потешкотии при разбирање на движењето на покажувачот на екранот кај корисниците кои имаат потешкотии со моториката на горните екстремитети)
- тастатура со големи копчиња (наменета за деца со интелектуална попреченост, аутизам, со потешкотии со видот, деца со телесна попреченост како и за деца во фаза на описменување)

Пинџур и неа ја користат учениците од посебната паралелка и учениците со телесен инвалидитет од истото. Асистивната технологија ќе им помогне на корисниците да ги надминат потешкотиите при учењето во училница, со што ќе им се овозможи на овие ученици да работат на своите силни страни и зачувани капацитети, а ќе се минимизираат нивните недостатоци. Реализацијата на проектот е и како одговор на статистиките за големиот број на деца со попреченост и на фактот дека ги има низ целата општина, односно се вклучени во образовниот процес во сите училишта, а училиштата не располагаат со современа технологија и во ниту едно училиште нема асистивна технологија.

Сепак, капацитетот на постоечката сензорна соба не е доволен да ги опфати сите деца со попреченост и телесен инвалидитет, а особено е проблематично што нејзе во моментов ја користат само учениците од посебната паралелка и учениците со телесен инвалидитет од училиштето Страшо Пинџур. Проблемот се провлекува со години, а неодамна беше покрената и иницијатива од родителите на децата со телесен инвалидитет. Барањето е да се адаптира простор за уште една сензорна соба со цел да им се помогне на децата со попреченост за нивен развој и инклузија. Со тоа ќе се овозможи современа рехабилитација односно простор за поттикнување на психо-моторниот развој на учениците со попреченост и на децата од предшколска возраст каде се намалува или засилува стимулацијата на одредено сетила во зависност од дијагнозата.

Центарот за поддршка на лица со попреченост[3] во склоп на ООУ Страшо Пинџур, направ
попреченост вклучени во основното образование во учебната 2019/2020 година.

| ПРЕГЛЕД бр. 1: Број на ученици со посебни образовни потреби на ниво на сите основни учил | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен број на сите ученици во основните училишта во Општина Кавадарци | Вкупен број на паралелки во основните училишта во Општина Кавадарци | ученици со попреченост кои имаат долготрајни физички, ментални,интелектуални или сетилни оштетувања | ученици со нарушување во однесувањето и специфични тешкотии во учењето | ученици кои потекнуваат од неповолни социо-економски, културни, и/или јазични депривирани средини | |

---

- Џојстик (уред кој служи како замена на глувчето во ситуации кога корисникот има потешкотии во развојот на фината моторика и не може да работи на стандарден начин),
- тракбол (уред кој е замена за глувче и е наменет за корисници кои имаат потешкотии во развојот на грубата моторика и можат да вршат само ограничени движења),
- одвоени кликови (асистивен уред кој претставува замена за левиот и десниот клик на маусот. Одлично се користи во комбинација со екранот на допир за учење на причинско последични реакции, односно акција и реакција)
- едукативни игри.

3 Посебно тело составено од стручни лица кои ја даваат поддршката на лицата со посебни потреби, вршат евалуација и предлагаат нови образовни услуги и пристап. Во моментот во оваа училиште функционираат 5 паралелки во кои се опфатени ученици од прво до деветто одделение со лесна попреченост во интелектуалниот развој и со мултихендикеп.

| | | Бр.на ученици | Распоредени во паралелки | Бр.на ученици | Распоредени во паралелки | Бр.на ученици | Распоредени во паралелки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 181 | 191 | 48 | 33 | 80 | 62 | 42 | 28 |

Овие бројки јасно укажуваат дека мора сериозно да се пристапи кон развој на комбинирани услуги (меѓу кои и социјални услуги), и тоа: центри за ран детски развој, дневен престој за дополнителна асистенција и олеснување на воспитно-образовниот процес за ученици со развојни проблеми и посебни образовни потреби, ангажирање на образовни асистенти и развој на нови паралелки опремени со асистивна технологија за учесниците со одреден вид на попреченост. За надминување на состојбите особено внимание ќе се посветни на планирање на заеднички активности, во соработка, или организирани од страна на здруженијата на граѓани, локалната самоуправа и основните училишта.

Со оглед на големата број на лица со попреченост кој изнесува 278 лица во евиденцијата на Центарот за социјални работи општина Кавадарци континуирано се залага за лицата со инвалидност. Покрај изработката на локален акционен план за лица со инвалидитет (ЛАПЛИ) исто така општината со Одлука на Совет обезбеди 5 нови автоматизирани колички за лица со попреченост. Општина Кавадарци обезбеди специјализирано возило за превоз на лица со инвалидност. Возилата се донација од Германска амбасада и од фабриката Дрекслермајер, а со овие возила лицата со телесен инвалидитет имаат пристап до транспортното возило кое им е располагање во секое време за да можат полесно да ги извршуваат секојдневните обврски. Општина Кавадарци ги покрива трошоците за одржување на возилата како и за ангажирање на возачите. Со овие специјализирани возила општина Кавадарци дневно опслужува околу 15 лица, од кои 3 лица секојдневно се пренесуваат до работните места.

Во изминатиот период се реализираше и проектот РЕЛОАД - ангажирање на образовни асистенти за деца со аутистичен спектар во основните училишта, којшто е финансиран од Европската Унија, рамките на проектот Регионална Програма за Локална Демократија во Западен Балкан, во кој Општина Кавадарци воспостави соработка со здружението Чекор кон Европа. Проектот опфати ангажирање на шест образовни асистенти за шест ученици од основните општински училишта во општина Кавадарци. Со овој проект се подобруваат животните стандарди на оваа маргинализирана група како и се поттикнуваат институциите да придонесат кон создавање на подобри услови за нивен развој. Врз основа на фактот што во општина Кавадарци нема дневен центар за деца со аутистичен спектар и статистиката од Центарот за вработување и општинските училишта, како и иницијативата која ја покренаа родителите на децата со аутистичен спектар, се констатира дека е неопходно да се ангажираат образовни асистенти кои ќе им помогнат самостојно да се извршуваат задачите. Од друга страна пак со реализацијата на овој проект овозможи да ангажираме лица со ниски квалицификации, самохрани родители, лица од ромската популација, невработени лица кои согласно евиденцијата од Агенцијата за вработување од јуни 2020 година се вкупно 1699 лица се

евидентирани во Агенцијата, односно лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот преку работно ангажирање, со скратено работно време. Реализацијата на овој проект треба да биде пример за организирање на идните социјални услуги.

Дневен центар за лица со телесна и ментална попреченост згрижува корисници со умерена и тешка попреченост во развојот и лица со комбинирани пречки во развојот. Како проблем кој се провлекува повеќе години е што корисниците се на различна возраст и со различен степен на попреченост, а се сместени во иста просторија, и тоа причинува потешкотии во работењето за стручните лица кои се вработени во Центарот, а особено влијае врз третманот на состојбата на корисниците. Дополнително, објектот не е изолиран од детската градинка. Согласно потребите неопходно е да се имплементира проектот за Изградба на дневен рехабилитационен центар за лица со попреченост, од регионален карактер, каде ќе се овозможи соодветна просторна организираност и подобро групирање на корисниците. Тоа би значело дека лицата со попреченост ќе бидат распоредени во различни паралелки и ќе добиваат поквалитетен третман прилагоден на нивните потреби, а тоа ќе подразбира подобар пристапот до социјалната услуга.

Невработеноста претставува еден од најгорчливите социоекономски проблеми со кој се соочуваат сите општини, па и општина Кавадарци. Во центарот за вработување Кавадарци се евидентирани 1.699 лица како активни баратели на работа и 1.492 лица како пасивни баратели на работа. Во продолжение се табелите со преглед на невработеноста според возрасната структура, степенот на образование, времето на чекање на вработување, инвалидни лица според возрасната структура и според видот на инвалидноста согласно податоците кои ги добивме од Агенцијата за вработување.

Преглед на невработени лица според возрасна структура заклучно со 31.05.2020 од општина Кавадарци

| 15-19 г. | 20-24 г | 25-29 | 30-34г. | 35-39 г. | 40-44 | 45-49 г. | 50-54 г. | 55-59 г. | од 60 г и повеќе |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 36 | 180 | 168 | 168 | 156 | 153 | 164 | 371 | 229 | 283 |
| | | | | | | | | Вкупно:1699 | |

Преглед на невработени лица според степенот на образование заклучно со 31.05.2020 г. Од општина Кавадари

| Без образовение и со основно образование | Непотполно средно образовение | Завршено средно образование | Више образование | Високо образование | Магистри на наука | Доктори на наука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 551 | 234 | 648 | 34 | 217 | 15 | 0 |
| | | | | | Вкупно: 1699 | |

Преглед на невработени лица според време на чекање на вработување

| Под 1 месец | 1 до 5 месеци | 6 до11 месеци | 12-17 месеци | 18-23 месеци | 2 години | 3 години | 4 години | 5 до7 години | 8 год. и повеќе |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 212 | 551 | 259 | 164 | 98 | 123 | 44 | 39 | 135 | 74 |
| | | | | | | | | Вкупно: 1699 | |

Преглед на невработени инвалидни лица според возрасна структура

| Од 15 до19 г. | Од 20 до 24 год | Од 25-29 год | Од30-34 год. | Од 35 до 39 г. | Од 40-44 год | Од 45-49 год. | Од 50-54 год. | Од 55-59 год. | Од 60 год и повеќе |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 1 | 2 | 2 | 2 | 4 | 2 | 2 | 1 | 1 |
| Вкупно: 17 | | | | | | | | | |

Преглед на невработени инвалидни лица според вид на инвалидноста

| Воен инвалид | Воено мирновременски инвалид | Инвалид на трудот | Пречки во видот | Пречки во слухот | Пречки во говорот | Телесна инвалидност | Лица со пречки во развојот | Л п в ин |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6 | 6 | |

Она што е евидентно од овие податоци е дека најголемиот број на невработени се на возраст над 50 години, постои раздвиженост на пазарот за труд, но има голема бројка на долгорочно невработени лица, меѓу кои и тешко вработливи лица. Особено е загрижувачки фактот дека од вкупниот број на невработени скоро половината се со непотполно средно образование или пониско образование.

Позитивно е тоа што општина Кавадарци има голем економски развој и има потенцијал и ресурси за подобрување на стапката на вработеност. Во истата насока, развиениот граѓански сектор нуди можност за волонтирање и практиканство преку кои се стекнуваат разни вештини и работно искуство, кои ја олеснуваат вработливоста (особено за младите).

Друга специфичност со која се соочува општината е нерамномерноста во развојот и нееднаквоста на условите за живот во различните делови на општината. Досегашните теренски активности на лицата од центарот за социјални работи покажаа дека лицата во руралните средини се во поголем социјален ризик отколку лицата од урбаните средини. Покрај инфраструктурните разлики и проблеми, кои не се цел на овој план, жителите на руралните средини најмногу се соочуваат со ризикот на невработеност (младите и жените како најголема и особено ранлива група) и недостапност на социјални (и здравствени) услуги. Младите се соочуват и со притисокот на социјална исклученост од трендовите и општествените активности кои ним им се важни и се случуваат во централното подрачле на општината, а реален проблем е мобилноста. Од страна на општината е препознаена потребата да се подобри и зачести возниот

ред на автобуси од руралните во градските подрачја и се работи и во многу блиска иднина овој проблем да биде надминат.

За среќа, руралните средини особено во Тиквешкиот регион располагаат со големи богатства и потенцијали за ангажирање на невработените лица. Една од можностите е развојот на органското производство. Општината планира повеќе да работи на информирање и мотивирање луѓето од руралните средини не само да се стремат да бараат работа во урбаните средни, туку да го искористат се она што го нудат нивните средини, а има и примери на локални граѓански организации кои веќе се активни во промоција на можностите во оваа сфера[4].

Од друга страна, состојбата на младите во општината е добра и младите не се занемарени во ниту еден случај. Перспективата на општината се гледа во младите кои несомнено се најработоспособна категорија на граѓани која изобилува со идеи, креативност и квалитет. Сепак, кризата со отворање на нови работни места ја зголеми ранливоста на младите лица во општината, што резултира со поголема невработеност на младите, послаб квалиет на работните места, поголема нееднаквост на пазарот на трудот меѓу различни групи млади луѓе, подолг и понесигурен премин од образование кон работа и поголема оддалеченост од пазарот на трудот. Агенцијата за вработување е многу активна и постојано објавува и информира за нови мерки за самовработување, самовработување со кредитирање и обуки кои младите имаат можност да ги користат. Од досегашните разговори со нив мапирано е дека за намалување на младинската невработеност најчесто не е проблемот во постоењето на отворени работни места, туку атрактивноста на понудените работни места. Тие се соочуваат со проблемот дека младите на кои им се нудат работни места не се заинтересирани за истите, туку бараат други работни места, а за истите ги немаат потребните квалификации. Во оваа насока, општината размислува за изнаоѓање на форми преку кои би се мотивирале младите луѓе да немаат предрасуди во однос на она што го работат, но и преку квалитетно информирање и упатување да се унапредат можностите за остварување на посакуваните вработувања. Секако заложбата за поддршка на развојот на претпримништвото и социјалната економија се на листата на приоритети на општината.

Младинскиот информативен центар „Инго СЕГА“ кој функционира како тело лоцирано во Клубот на Советот за превентива против малолетничка деликвенција, има големо влијание во придонесот за зголемување на младинското информирање во градот и тоа на повеќе полиња почнувајќи од образование, вработување, волонтерство, програми за мобилност, европски фондови и слично. Исто така им помага на младите при професионална ориентација и при подготовка за аплицирање за работа.

---

4 На пример, граѓанската организација БИОВИТА, која е здружение на производители на органска храна, која неодамна беше носител на проект за органско производство со цел да се анимираат млади лица и жени од руралните подрачја во областа на пчеларството. Имплементацијата на проектот доведе до запознавање со самиот поим, стекнување на впечатоци и поттикнување за оформување на сопствени пчеларници со што се влијаеше на руралниот развој и враќање во руралните напуштени краеви од општината. 70% од целната група се невработени лица, па преку овој проект тие имаа можност да се занимаваат со органско пчеларство и да се најдат на пазарот на труд, а и значително да се зголеми бројот на жени пчелари

Кога станува збор за состојбата на младите во општина Кавадарци неизбежно е да се спомене дека неодамна во просториите на Бизнис Центарот на општина Кавадарци, кој е во сопственост на општината, беше отворен Младински Центар[5] во соработка со Агенција за млади и спорт. Овој младински центар е основан во партнерство помеѓу Агенција за млади и спорт, Сојуз за младинска работа, Локална самоуправа и младинската организација Кавадарци. Во согласност со новиот Закон за младинско учество и младински политики секоја општина треба да овозможи функционирање на најмалку еден младински центар на територијата на општината, а за нивната работа ќе бидат одговорни младински работници. Во Кавадарци програмите за младинска работа во новиот младински центар ќе бидат спроведени од организациите членки на СМР - SPPMD Council for Prevention of Juvenile Delinquency и Младинска Асоцијација Креактив Кавадарци.

Во текот на мапирањето стана видлив и проблемот на 180 лица од ромската популација, односно 33 фамилии со различен број на членови од 3-12 члена, кои живеат на локација која не е урбанизирана и на која нема канализациона и водоводна мрежа, електрична енергија и основни услови за живот. Тоа ги прави дополнително ранливи и социјално исклучени од локалните активности.
Ова е долгогодишен проблем за кој општина Кавадарци се обидува да изнајде соодветно и хумано решение. Идејата е најпрво да им се обезбедат елементарни услови за домување (дислоцирање на ромското население во посебна населба надвор од градот) – да се поставаат контејнери кои ќе бидат опремени и со приклучок на водоводна, канализациона мрежа и електрична енергија, а потоа преку стручните служби да им се помогне да се направи нивна ресоцијализација и реинтеграција. Проблемите со кои се соочуваат Ромите се комплексни и бараат мултисекторски пристап, а особено е важно да се работи со најмладите и да се инвестира во нивниот ран детски развој, со цел да се надмине интергенерациската сиромаштија со која се соочени.

Општина Кавадарци има активен граѓански сектор, со активни 38 невладини организации, кој делува во повеќе области и нивните активности и програми се во насока на подобрување на квалитетот на животот стандард на граѓаните. Општината им обезбеди услови за нивно непречно функционирање преку отстапување на бесплатен канцелариски простор и опрема, а со цел да се зајакне нивната ефикасност и да се даде придонес кон локалната заедница. Исто така им става на располагање човечки ресурси, стручна помош и толкување на правна рамка која се однесува на ингеренциите на локалната самоуправа, а која е од интерес на здруженијата и фондациите. Оштината секоја година распределува средства за финансирање на проекти и програмски активности на граѓански организации. Граѓанските организации имаат потенцијал да бидат носители на развојот на социјалните услуги во општината.

### *3. Социјални услуги*

Социјалната заштита е систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита. Под социјален ризик во смисла на овој закон се подразбира:

---

5 Младински центри се сервиси за млади, основани од страна на понудувачи на младинска работа, (јавни, приватни или во парнетерство) коишто обезбедуваат младинска работа и нудат простор за едукативни и други активности за млади организирани од младински организации, организации за млади и неформални групи на млади лица. Истите се формираат и работат согласно Законот за младинско учество и младински политики.

- ризици по здравјето (болест, повреда и инвалидност);
- ризици на старост и стареење;
- ризици на еднородителско семејство;
- ризици од невработеност, губење на приход за издржување по основа на работа и слично;
- ризици од сиромаштија и
- ризици од друг вид на социјална исклученост.

Системот и организацијата на социјалната заштита го сочинуваат установите, институциите, мерките, активностите и формите коишто се остваруваат во рамките на реализирањето на правата на граѓаните од доменот на социјалната заштита. Системот се остварува преку стручната работа во установите за социјална заштита, спроведување на развојни програми, стручно усовршување на работниците во зависност од потребите на корисниците и меѓународните стандарди.

Општина Кавадарци има големо искуство, односно одредени мерки кои ги превзема за развој на интегриран, транспарентен и одржлив систем на социјална заштита кој обезбедува достапни, ефикасни и квалититни мерки и услуги креирани според потребите на корисниците.

### *3.1 ПОСТОЕЧКИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ*

Општина Кавадарци континуирано се посветува внимание на креирање услови за обезбедување на социјални услуги. Спровдени се голем број на проекти кои согласно потребата на крајните корисници имаат потенцијал да прераснат во социјални услуги. Староста како еден од најприоритетни социјални ризици, односно старите изнемоштени лица, се покриени со активности најчесто со Програмата општинско-корисна работа, спроведена во соработка и финансиска поддршка на општина Кавадарци  со УНДП, АВРМ, МТСП и ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи - Кавадарци и веќе се изградени капацитети кои можат да се искористат веднаш по лиценцирање на давателите на услуги, односно аплицирано е за проект од Светска Банка, согласно законските норми на МТСП и Правилниците. Активностите од овој проект се предвидени за помош и нега на стари лица во домашни услови во општина Кавадарци.

Од социјалните услуги кои се обезбедуваат согласно со Законот за социјална заштита, во моментов постојат:

**3.1.1 Услуги на информирање и упатување,** согласно член 71 од Законот за социјална заштита а се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи - Кавадарци

**Младински информативен центар**, клучен за  младинско информирање во градот и поддршка на намалување на младинската невработеност.

За таа цел мој предлог е да се направат обуки кои можат да се одржуваат во големата општинска сала каде ќе се мотивираат младите луѓе да немаат предрасуди во однос на она што се работат.

**3.1.2 Услуги на стручна помош и поддршка,** согласно член 72 од Законот за социјална заштита обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи – Кавадарци

**3.1.3 Услуги на советување**, согласно член 73 од Законот за социјална заштита се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи - Кавадарци

Во просториите на ЈУ МЦСР Кавадарци функционира **регионално Советувалиште за брак и семејство**, кое работи секоја прва сабота во месецот. Услугата ја нудат и здруженијата на граѓани кои работат во општината, според цвоите целни групи и програми за работа, но за во иднина ќе треба да ја лиценцираат според Правилниците кои произлегуваат од Законот за социјална заштита.

**3.1.4 Услуги во домот**

<u>Помош и нега во домот</u>

**- Грижа за стари изнемоштени лица, инвалидизирани лица и лица со оштетен вид.** Општина Кавадарци за потребите на старите изнемоштени лица и лицата со оштетен вид ангажираше волонтери кои се даватели на услугата и им пружат елементарна помош и грижа на старите изнемоштени лица и лицата со оштетен вид во домашни услови и тоа: набавка и достава на лекарства и други намирници, набавка и достава на храна и други неопходни продукти, плаќање на месечни сметки за струја, телефон, вода, пружење на основни здравствени услуги. Оваа услуга е добро прифатена и истите имаат потреба и понатаму да продолжи. Услугата е воспоставена како дел од Програмата општинско-корисна работа, а преку неа беа услужени 24 крајни корисници и ангажирани 6 негуватели.

**- Општествено-корисна работа[6] (негуватели на стари лица).** Благодарение на Програмата ОКР од страна на општина Кавадарци во соработка со Агенцијата за вработување која достави листа на невработени лица во општина Кавадарци и Центарот за социјална работа која достави листа на стари изнемоштени лица кои имаат потреба од негувател во домашни услови 100 стари изнемоштени лица беа корисници на оваа социјална услуга во 2020година. Преку ОКР се обезбедува грижа и помош на стари лица во градските и рурални средини, лица од третата доба кои живеат сами и кои имаат здравствени проблеми и на кои им е потребно внимание, нега и помош. Оваа услуга беше една од најповолните социјални услуги во време на епидемијата КОВИД 19 кога негувателите се реангажираа за да им помогнат на старите изнемоштени лица да ги добијат потребните намирници и лекови без да го ставаат во ризик своето здравје. За потребите на оваа услуга беа ангажирани 18 негуватели на стари лица во домашни услови.

**- Нула глад во Кавадарци.** Општина Кавадарци се вклучи во проектот Банка за храна. Проектот Нула глад во Кавадарци им обезбеди помош и поддршка на социјално загрозените граѓани, приматели на социјална помош. Општината обезбеди простор за чување на храната и возило за нејзина дистрибуција до социјално ранливите семејства. Согласно ажурираните податоци од Центарот за социјална работа за 371 приматели на социјална помош секое семејство кое е примател на социјална помош редовно добива на крајот на секој месец пакет со храна. Храната е донација од бизнис

6 Во понатамошниот текст ОКР.

секторот кој во соработка со локална самоуправа и еколошкото друштво Еко живот кои со заедничка соработка го истакнуваат Кавадарци меѓу ретките градови во регионот кој на овој начин се бори со сиромаштијата.

### 3.1.5. Услуги во заедницата

Услуга за дневен престој

**Дневен центар за лица со телесна и ментална попреченост.** Во овој центар има 15 корисници согласно евиденцијата од Центарот за социјални работи. Основна дејност на Дневниот центар за лица со посебни потреби е давање услуги на дневно згрижување и престој на корисниците, нега, исхрана, психомоторна реедукација, психосоцијална помош, физиотерапевтски третман и советодавна дејност како со корисниците така со родителите. Стручниот тим работи согласно однапред изготвен план и програма, поделени на два дела и тоа план и програма за лица до 18 години и план и програма за лица над 18 години. Дневниот центар во Кавадарци има згрижено корисници со умерена и тешка попреченост во развојот и лица со комбинирани пречки во развојот, а е управуван и финансиран од МТСП. Дополнително општина Кавадарци за мобилност на лицата со попреченост обезбеди 5 нови автоматизирани ивалидски колички и бесплатен превоз со две специјализирано возило.

**Дневен престој во ООУ Страшо Пинџур.** Во општина Кавадарци во склоп на основното училиште Страшо Пинџир се наоѓа објект каде се нуди социјална услуга за дневен престој на ученици. Во дневниот престој се згрижени 85 ученици кои се активно вклучени во воспитно-образовниот процес.

**Сензорна соба.** Во склоп на училиштето Страшо Пинџур има сензорна соба која ја користат учениците од посебната паралелка и учениците со телесен инвалидитет од истото, а на која и недостасува асистивна технологија која ќе овозможи современа рехабилитација.

**Младински Центар.** Во просториите на Бизнис Центарот на општина Кавадарци кој е во сопственост на општината, отворен е младински Центар во соработка со Агенција за млади и спорт. Овој младински центар е основан во партнерство помеѓу Агенција за млади и спорт, Сојуз за младинска работа, Локална самоуправа и младинската организација Кавадарци. Целта на овој младински центар е промоворање на младинската работа како и обезбедување на едукативни и други активности за младите организирани од младински организации, организации за млади и неформални групи на млади лица од општина Кавадарци.

**Клуб на пензионери**. Здружението на пензионери Кавадарци има свои простории во централното градско подрачје, канцелариски дел и бифе. Просториите ги користат дел од пензионерите, а клубот функционира според план и програма на активности кои се состојат од организирање на културни и забавни настани, учество на разни манифестации, екскурзии, креативни работилници. Функционирањето и финасирањето на клубот е целосно организирано од Здружението.

### 3.1.6 Услуга на вон-семејна заштита

Згрижување во друго семејство

Врз основа на статистиките кои ни се доставени од Центарот за социјални работи во општина Кавадарци во моментот има 37 деца евидентирани како

деца без родители и родителска грижа и ја користат услугата за вон-семејна заштита и истите се сместени во згрижувачки семејства, живеење со поддршка, сместување во установа како и деца кои се под старателство на блиски сродници и престојуваат во нивните семејни средини

Живеење со поддршка
**Мал групен дом.** Во општина Кавадарци е отворен и мал групен дом за деца од социјален ризик каде се згрижени 4 деца, согласно податоците од Центарот за социјални работи. Со овие деца работи стручен тим кој е под надлежност на Центарот за социјални работи. Овде децата се сместени од 6 до 18 месеци. Паралелно додека се работи со овие деца се работи и со нивните биолошки родители. Во Мал групен дом се сместуваат деца на возраст од 7 до 14 години кои се воспитно-социјално едукативно запуштени, а се наоѓаат во ситуации во кои е оневозможено остварување на функциите на семејството, односно доведен е во ризик нивниот понатамошен правилен раст и развој да биде пореметен од низа негативни фактори.

## *3.2 НОВИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ*

Во периодот кој следи е планиран развој на нови социјални услуги. Општина Кавадарци е во стабилна финансиска состојба и планира да го збогати портфолиото на нови социјални услуги, но и да ги продолжи социјалните услуги кои се од големо значење за граѓаните од социјален ризик.

### 3.2.1. Услуги на информирање и упатување

**Отворени денови за социјална заштита во руралните средини** за корисници на социјална парична помош како и жители кои се во положба на социјални потреби. Ова е една од социјалните услуги кои ги спроведе општина Кавадарци во соработка со ЈУ МЦСР Кавадарци. Со оваа услуга се опфатија повеќе категории на лица корисници на постојана парична помош, лица со попреченост, слепи и изнемоштени лица, лица со нарушена здравствена состојба, самохрани родители кои имаа потреба од информираност за правата и услугите од социјалната заштита со законските измени, условите и постапката за остварување на правата и поволностите кои ги има како корисник на социјална парична помош и новите мерки за вработување. Соглед на добриот одзив на оваа услуга општина Кавадарци има намера истата повторно да ја имплементира и прошири, во насока на мотивација на луѓето од руралните средини не само да се стремат да бараат работа во урбаните средини, туку да го искористат се она што гоимаат во своето опкружување.

### 3.2.2. Услуги на стручна помош и поддршка,

Општина Кавадарци во соработка со стручни органзиации и ЈУ МЦСР Кавадарци, ќе стреми кон развој на оваа услуга за лицата (поединци и семејства) во пружење на поддршка и помош за надминување на индивидуални и семејни проблеми. Акцент ќе се стави на Ромското населени кои се соочуваат со повеќе проблеми (домување, хигиена, писменост, невработеност) со цел нивно зајакнување и непречен развој во општеството, но и на долгорочно и тешковработливите лица со цел да се изврши нивна работна реинтеграција.

### 3.2.3 Услуги на советување

Ќе продолжи да се поддржува работата на стручните невладини организации кои би понудиле советодавна работа за различни категории (подготовка за брак, живот во семејство, родителство, планирање на семејство, брачно/партнерско советување за партнери со нарушени односи, советување при развод на брак, семејна медијација за семејства со нарушени семејни односи, психо-социјална поддршка за жртви на семејно насилство, психо-социјален третман на сторители на семејно насилство) и други специјализирани видови на советувања, покрај оние кои веќе ги дава МТСП. Невладините организации во своите рамки би можеле и да држат организирани сесии на приоритетни теми (дијабетес, хронични заболувања, превенција, активно стареење, хигиенски навики). За имплементација на оваа услуга општина Кавадарци во целост ги нуди на користење големата општинска сала, конференциската сала во Бизнис Центарот, концертната сала при Домот на културата Иван Мазов Климе.

### 3.2.4 Услуги во домот

<u>Помош и нега во домот</u>

Општина Кавадарци има потреба од воспоставување на социјална услуга за помош и нега во домот за стари и изнемоштени лица. Општина Кавадарци во соработка со ОО Црвен Крст Кавадарци аплицираше на јавниот Повик за Социјални услуги од страна на МТСП со Светска Банка. Сеуште нема резултати за избор на проект кој ќе добие финансиска поддршка. Социјалните услуги кои ќе се нудат со помош на овој проект се следниве: обезбедување на социјална и здравствена грижа на старите изнемоштени лица во градските и руралните подрачја. За непречено одвивање на овие услуги и намалување на нееднаквоста и опфатато на старите лица во руралните средини, општина Кавадарци ќе врши бесплатен транспорт на негувателите како и достава на лекови, храна, плаќање на сметки, конторлни прегледи на старите лица во руралните средини. За воспоставување на оваа услуга ќе бидат обучени и сертифицирани 20 негуватели/ки за стари лица и ќе бидат опфатени вкупно ..... стари лица.

<u>Лична асистенција</u>

За неопходноста за развој на оваа услуга е бројот од вкупно 278 лица со попреченост[7] (мобилност, слепило, глувост) кои имаат потреба од развивање на услугата лична асистенција. Услугата ќе има за цел да придонесе за независно и самостојно живеење лица со попреченост, помош и поддршка во вршење основни и инструментални активности од секојдневниот живот, помош и поддршка на работното место, образовните институции, центрите за рехабилитација, помош и поддршка во зедницата и други активности од интерес на лицето како и нивно активно и рамноправно учество во заедницата, и во општеството во целина.

### 3.2.5. Услуги во заедницата

7 Според добиените податоци од ЈУ Меѓуопштински центарот за социјална работа Кавадарци.

**Услуги за реинтеграција**

Согласно мапирањето и идентификувањето на социјалните ризици во општината оваа услуга треба да обезбеди поддршка за стекнување на работни вештини и вештини за вработување, со оглед на тоа што како втор ризик се јавува ризикот од сиромаштија (невработеност, ниски месечни примања, приматели на социјална помош, семејства во социјален ризик). Општината ќе посвети внимание на оваа категорија на граѓани преку креирање на сет на мерки кои ќе опфаќаат комбинирање на информирање и упатување за активација на пазарот на труд. За оваа услуга ќе биде особено важно да биде поврзана со другите области од работењето, вклучително и гореспоменатите сесии – за искористување на потенцијалите во руралните средини (социјална економија, самовработување, за употреба на мерки од оперативниот план за вработување, итн[8]), а особено за можностите за вработување (преку прекфалификација, обука, дообука) како даватели на услуги во домот (раабота во сервиси како негуватели и асистенти)[9].

Програмата ОКР е исто така многу важен сегмент во реинтеграција и ресоцијализација и ќе продолжи во следните години.

**Младински центар.** Покрај веќе споменатите услуги и активности кои ги нуди овој центар општина Кавадарци во соработка со младинските органзиации ќе направи напори за збогатување на работната програма и овозможување на социјална вклученост на сите млади (од урбаната и руралната средина), нивна мотивација, реинтеграција и ресоцијализиација во општеството, преку сет на мерки со кои ќе имаат можности да се стекнат со потребни вештини и дополнителни квалификации. Особено е важно да се работи на спечување на девијантните појави, превенција на развојот на ментални заболување и поттикнување на креативноста, волонтирањето и вмрежувањето. Планирано е воведување на иновативни пристапи, како на пример едукативни игри, мобилни апликации и други активности за промовирање на можностите за активирање на пазарот на труд.

**Услуга за дневен престој**

**Регионален дневен центар за лица со попреченост.** Општина Кавадарци има развиено план и веќе е започната постапката за изградба на регионалниот дневен центарот за лица со попреченост. Локацијата е обезбедена од страна на општината исто и кофинансирање на 2/3 од вкупните трошоци за зградба на овој центар. Услугата за дневен престој, односно дневно згрижување во овој центар ќе ја користат лицата со попреченост кои имаат и наполнети 18 годинии, а ќе се вршат индивидуални активности за стекнување животни и работни вештини, социјални, културни и рекреативни активности, како и помош и поддршка на нивните семејства. Овој регионален дневен центар за лица со попреченост се планира да опфати лица од општина Кавадарци и околкуните населени места во општината, лица со попречност од општините Неготино и Демир Капија. За целосно искористување на овој капацитет и мобилност на

8 Клучно за младите и за тешковработливите лица.

9 Клучно за лицата на 50 години, долгорочно невработените и НКВ лица.

лицата со попреченост од околните општини се обезбедени специјални транспортни возила од страната на општина Кавадарци и транспортот за корисниците ќе биде бесплатен.

**Дневен центар за активно и здраво стареење**. Центарот би бил координиран од социјален работник и би работел по програма која на корисниците ќе им нуди грижа за сопственото здравје, спортско-рекреативни активности прилагодени на новното здравје и социјално вклучување и дружење, како и разни активности за учење нови вештини и креативно изразување.

**Сензорна соба**

Покрај поетоечката сензорна соба во склоп на училиштето Страшо Пинџур, за која е потребно доопремување со асистивна технологија, неопходна е потребата од најмалку уште една соба која ќе ја користат и останатите деца. Со опремување на сензорна соба ќе се овозможи современа рехабилитација односно простор за поттикнување на психо-моторниот развој на учениците со попреченост и на децата од предшколска возраст каде се намалува или засилува стимулацијата на одредено сетила во зависност од дијагнозата. Со опремување на сензорните соби ќе се овозможи современа рехабилитација односно простор за поттикнување на психо-моторниот развој на учениците со попреченост и на децата од предшколска возраст каде се намалува или засилува стимулацијата на одредено сетила во зависност од дијагнозата.

**Услуги за привремен престој**

Согласно мапирањето за овој социјален план но и податоците добиени од страна на анализата за воспоствување на услуги за потребите на МТСП и Светска банка, неопходно е воспоставување на оваа услуга во општина Кавадарци. Ова услуга ќе се однесува за отворање мали групни домови во општината, за да лицата што имаат потреба од оваа услуга не се сместуваат во мали групни домови или големи институции во другите општини, и отворање прифатилишта за привремен престој на жртви на семејно насилство.

### 3.2.6 Услуги на вон-семејна заштита

Згрижување во друго семејство

Според добиените податоците ЦСР Кавадарци соработува само со едно згрижувачко семејство од општина Росоман, но потребата за згрижување е многу поголема, па затоа голем број деца се згрижени во семејства во други општини. Во Кавадарци е голема потребата за интервентно згрижувачко семејство. Во моментот нема ниту едно, па често пати кога ќе се јави потреба за итно згрижување на деца од улица, жртви на семејно насилство и слично, ЦСР не може да им обезбеди згрижување. Токму од овие причини неопходно е да се работи на поттикнување на семејствата од општината да згрижуваат деца.

Живеење со поддршка

